Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 18.02.2022

Денеска (18.02.2022) околу 09.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 25-годишниот тетовец А.С. за издржување на затворска казна. Тој бил проследен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 18.02.2022 околу 00.10 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, го привеле 21-годишниот гостиварец Ј.А. од Гостивар за издржување на затворска казна. По приведувањето, Ј.А. бил проведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 17.02.2022 во периодот од 10.00 до 12.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Љ.Ѓ.(19), К.С.(19) и С.С.(18), сите од Куманово. Тие се сомничат дека на 09.11.2021 одделе предмети од три патнички моторни возила на различни локации од Куманово. Тие биле приведени во полициска станица, а украдените предмети биле пронајдени и вратени на сопствениците. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2022 во 23.30 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода А.П.(37) од с.Ваташа, кавадаречко, затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.02.2022 во 12.30 часот на ул.„Вардарска" во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Љ.Л.(19), Ј.М.(20), С.С.(20) и М.Г.(23), сите од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.02.2022 во 02.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Ѓ.(26) од Пехчево, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.02.2022 во 13.20 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Б.С.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.02.2022 на ул.„Север-Југ" во Битола, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола го приведе на одговорност А.А.(29) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2022 во 12.40 часот во СВР Охрид било приведено дека во водите на Охридското Езеро, кај Пештани, биле забележани 4 граната. Увид извршиле од Дирекцијата за заштита и спасување и полициски екипи и било констатирано дека станува збор за две неексплодирани минофрлачки мини калибар 75 милиметри и 2 артилериски гранати калибар 122 милиметри. Експлозивните направи биле безбедно подигнати за натамошна постапка.

На 17.02.2022 во периодот од 15.00 до 18.00 часот, полициски службеници од ОВР Прилеп на патот кон вештачкото езеро во Прилеп ги затекнале Р.Ј.(39), М.Б.(50), С.А.(45) и Р.С.(23), сите од Прилеп, како пресвојуваат бесправно исечени дабови дрва. На друга локација, во близина на Прилеп, пронајдени се бесправно исечени дабови дрва. Во текот на пренесувањето на дејствата, од полициските службеници било затекнато и возило „опел аскона", со лажни регистарски ознаки, управувано од А.К.(59), кое е одземено за натамошна постапка. По документирање на случајите против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 17.02.2022 во периодот од 16.00 до 20.00 часот на поширокото гостиварско подрачје била спроведена сообраќајна контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Притоа, биле откриени и соодветно санкционирани 9 прекршоци, кои во најголем број се однесувале на непропишно преминување на улиците надвор од пешачки премини. Вчера, исто така, од 08.00 до 20.00 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведени се и активности за санкционирање на возењето со недозволена брзина, во рамките на кои биле санкционирани 15 возачи (ТЕ-7 и ГВ-8) кои ја пречекорениле максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 2(ТЕ) за повеќе од 50 километри на час од дозволеното. На сите им се изготовени поднесоци, а со поднесоци биле закажурени и 56 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-42 и ГВ-14).

На 17.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 39 прекршоци, од кои 26 во населено место и 13 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 16.00 до 20.00 часот, на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 23 прекршоци. На сите им биле изготовени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 25 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 6 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за користење мобилен телефон и 8 за непропишно паркирање.

Вчера (17.02.2022), на подрачјето на Куманово, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционираа се 25 возачи.

На 17.02.2022 во периодот од 16.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање прекршоци што ги чинат пешаците во сообраќајот. Притоа, биле констатирани и санкционирани 11 прекршоци.

На 17.02.2022 на подрачјето на Дебар била спроведена акциска контрола на автобуси и други моторни возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, 3 автобуси се упатени на вонреден технички преглед, при што кај 2 се констатирани технички неисправности на уредот за сопирање. Тие биле исклучени од сообраќај и биле соодветно санкционирани.

На 17.02.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Центар, В.С.(33) од Скопје бил приведен дека на кеј „13 Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2022 во 11.45 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Т.(57) од Скопје приведе дека на бул.„Видое Смилески-Бато" била каснат од куче скитник.

На 17.02.2022 во 20.20 часот во Полициската станица Драчево, А.Г.(34) од Скопје приведе дека на ул.„Иван Хаџиниколов" негоивот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2022 во 20.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.И. (34) од село Опае, општина Липково, затоа што кај него бил пронајден пиштол „Црвена Застава" калибар 7,62 мм со една празна рамка. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.Н.(44) од село Новак, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола на патничко возило „мерцедес", со дебарски регистарски ознаки, управувано од приведениот, извршена на 11.02.2022 на ул.„8 Септември" во Дебар, полициски службеници констатираа дека тој врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна потребна документација издадена од надлежен државен орган за вршење превоз на патници во внатрешниот сообраќај.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Т.А.(24) од струшко село Подгорци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На кеј „8 Ноември" во Струга, полициски службеници кај него пронашле марихуана.

На подрачјето на СВР Куманово на 17.02.2022 од 16.00 до 20.00 часот спроведена е акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Притоа, биле санкционирани 23 пешаци кои не ги почитувале сообраќајните прописи, од кои 13 во Куманово и 10 во Крива Паланка.

На 17.02.2022 во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино извршиле контрола на товарно возило „фиат дукато", со демократски регистарски ознаки, управувано од С.К. од Демир Капија, а во кое се превезувало огревно дрво. При контрола на возилото било утврдено дека врши јавен превоз без потребните документи. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.02.2022 во СВР Скопје било приведено дека во кругот на Универзитетот „Кирил и Методиј", С.К.(50) од с.Батинци, скопско, работен во агенција за обезбедување, додека бил на своето работно место бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, П.Н.(20) од Скопје приведе дека на кеј „13 Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.С.(57) приведе дека на 15.02.2022 во 14.32 часот на подрачјето на Кисела Вода нејзината керка била физички нападната од В.К., по претходна расправија со керката на В.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2022 во 08.06 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.Б.(39) од с.Сараџ, скопско, приведе дека во 08.00 часот кај Транспортен центар Скопје, додека вршел контрола на билети во автобус, бил физички нападнат од малолетник од Скопје. Сочинет е записник за костатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против А.М. (57) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 08.12.2021 на Граничен премин „Деве Баир", приведениот на увид приложил фалсификувана бугарска возачка дозвола.

На 17.02.2022 во 09.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.К.(43) од Скопје приведе дека околу 09.00 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недорабирање во сообраќајот, бил физички нападнат од А.Х.(29) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правен субјект од Тетово и Ф.М.(26) од Тетово, сопственик и управител на правниот субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 05.02.2022, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект на правното лице на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, при што било констатирано дека приведените не се придружуваат кон мерките на Владата и во објектот биле затекнати четири лица кои не поседувале сертификат за вакцинација.

На 17.02.2022 во 10.50 часот во Полициското одделение Петровец, 51-годишна жена од скопско село приведила дека на 15.02.2022 во 08.33 часот, додека ги извршувала своите работни задачи како вработена во хотел во скопско, дошол нејзиниот бракен партнер Ц.К.(57) и физичка ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.М.(25) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.02.2021 на ул.„ЈНА" во Струга кај лице од Струга била пронајдена марихуана, која претходно ја купил од приведениот.

На 17.02.2022 во 20.15 часот во Полициската станица Чаир, Т.Т.(45) од Скопје приведила дека околу 18.00 часот кај трговски центар на подрачјето на Чаир, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2022 полициски службеници од СВР Скопје – ЕВР Чаир, во Полициско одделение Шуто Оризари, извршиле службен разговор со две машки малолетни лица и една малолетничка, во присуство на нивните родители и адвокат, поради постоење основи на сомнение дека се инволвирани во кривично дело по член 193-а од Кривичниот законик. Постапувајќи по претходна пријава, според која преку социјална мрежа до неколку малолетници е испратен видео запис со експлицитна содржина со малолетнинци, полициски службеници преземале мерки и активности и во координација со социјален работник и инспектор од Одделение за компјутерски криминал извршиле разговори околу околностите во кои се случилило делото. По насоки на дежурен Јавен обвинител за малолетници, мобилните телефони од повеќемина малолетници одземени се за вештачење, а по документирање на случајот до ОЈО ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.02.2022 во 12.25 часот во Полициската станица Центар било приведено дека на Клиниката за гинекологија при Комплексот клиники „Мајка Тереза" била донесена 29-годишна пациентка од Скопје, која претходно во домашни услови се породила со мртов плод. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Горче Петров, В.Т.(45) од Скопје приведила дека на ул.„Мечкин Камен" била касната од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.А.(76) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на октомври 2021 година во Струга, на ул.„Боро Дуни", приведениот во сопственост на инвестиција на градба на земјиште во негова сопственост, изградил делови на објект за домуување спротивно на основниот проект и дозволата за градење.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правен субјект од Тетово и Л.Н.(31) од с. Горно Палчиште, сопственик и управител на правниот субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 05.02.2022, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект на правното лице на ул.„Илинденска" во Тетово, при што било констатирано дека приведените не се придружуваат кон мерките на Владата и во објектот биле затекнати дека лица кои не поседувале сертификат за вакцинација.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-poшта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет